РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр. 09-921/7
16-11-2020 год.

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (Пречистен текст), постапувајќи по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 41 – та седница одржана на ден 11.11.2020 година донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето ---------, директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи ------, поради промена на фактичката состојба и постапување на надлежен орган.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-5045/1 од 04.11.2019 година.

Предметот со број 09-5045/1 од 04.11.2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-5045/1 од 04.11.2019 година е оформен по поднесена пријава од ----- против лицето ------, директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи ----------, со наводи дека истата постапувала по предмет за одземање и доверување на чување и воспитување на малолетно дете --------- од нејзината мајка --------. Согласно наводите од пријавителот, лицето --------- е во роднинска врска со службеното лице -------, директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи ------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до Министерството за труд и социјална политика, сектор за инспекциски надзор во социјалната и детската заштита.

По разгледување на доставената документација од страна на Секторот за инспекциски надзор во социјалната и детската заштита при МТСП преку повеќе дописи, Државната комисија го констатира следното:

Од страна на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата при Министерството за труд и социјална политика по службена должност на ден 01.06.2019 година извршен е вонреден инспекциски надзор во ЈУМЦСР ----- во врска со постапувањето на Центарот во предметите на ----- и ---------. За извршениот надзор, составен е записник ИП1 број 16-185 од 03.06.20196 година, а со решение ИП1 број 16-185 од 03.06.2019 година се определени мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности.

Согласно член 329 од Законот за социјална заштита со цел да се утврди постапувањето на Центарот по донесеното решение, на ден 29.05.2020 година извршен е контролен инспекциски надзор при што е утврдено дека ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа -----------, ги презел мерките во рокот определен од инспекторите за социјална заштита со што постапил по инспекцискиот акт во целост. За

утврдената фактичка состојба составен е записник ИП1 бр. 16-85 од 01.06.2020 година, кој беше доставен до ДКСК преку допис бр. 09-921/4 од 09.06.2020 година.

Државната комисија на ден 28.07.2020 година со допис бр. 09-921/5 се обрати до --------, директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи ---------- и побара од неа да достави изјава, заверена на нотар, во однос на тоа, дали лицето --------- од -------- е нејзино блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Лицето --------, директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи -------- ја извести ДКСК дека лицето ------------ од -------- е нејзина роднина по крв во странична линија од трет степен, но со неа немала контакт скоро 30 години, до денот кога истата била да врши надзор поради пријава за семејно насилство во ова семејство. За време на вршењето на надзорот, службеното лице ------ се изземала од целосно постапување кога увидела дека се работи за лицето ------, а случајот го водел Стручен тим од ЈУМЦСР ------во координација со центарот за социјални работи Скопје, под надзор на сите надлежни органи.

Исто така, ----- ја извести ДКСК дека веќе не ја извршува функцијата директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи -------- од 01.12.2019 година.

На седницата одржана на ден 11.11.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против лицето -----, поранешен директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи -----, бидејќи не се потврдуваат наводите од пријавата, поради промена на фактичката состојба и постапување на надлежен орган.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: К.З., советник